

Основниот граѓански суд во Скопје ги усвои тужбите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски за клевета. Мицкоски на суд ја доби правната битка против СДСМ и Љупчо Ристовски од Интегра.

Во судската пресуда за случајот против СДСМ, судот пресудил дека партијата на својата официјална страна, а пред пошироката јавност со намера да нанесе штета на честа и угледот на тужителот изнел невистини факти дека „Мицкоски му е вечен должник на Груевски. Тој мора да го штити и прави онака како што сака Груевски. Политиките на Мицкоски се политики на Никола Груевски."

